Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
05-2457/20
10-01-2014
СКОПЈЕ 10-01-2014

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија“ бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11 15/13 и 148/13) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје , врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-2457/5 од 25.11.2013 г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-2457/6 од 25.11.2013, Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-2457/18 од 13.12.2013 од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**10/2013** за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, врз основа на одлука за измена и дополна на Планот за јавни набавки бр.02-3532/3 од 30.12.2013 година, донесена на 29-ти редовен состанок на Одборот на Директори, Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда
## за Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери принтери и друга опрема

На основ на Записник од отварање на понуди бр.05-2457/5 од 25.11.2013 г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр.05-2457/6 од 25.11.2013 по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.10/2013, Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-2457/18 од 13.12.2013 од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-2457/2 од 26.09.2013г., Одлука за измена на одлука за јавна набавка бр.05-2457/19 од 30.12.2013г., Одлука за избор на понудувачи кои ќе учествуваат на е-аукција бр.05-2457/12 од 02.12.2013 година за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, за Набавка на стока- **Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема**, Договорот за јавна набавка се доделува на:

**„ АМЦ “ ДОО**
**ул. „ Моша Пијаде “ б.б., ТЦ Соравија 10 кат, П.фах 96 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 5 (пет) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за финансии за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално пркршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за финансии,
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива